Универзитет„Св.Кирил и Методиј“

Стоматолошки факултет

С к о п ј е

**ПРОЕКТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА СТУДИСКА ПРОГРАМА**

# СТУДИСКА ПРОГРАМА

# ИНТЕГРИРАНИ СТУДИИ ОД I И II ЦИКЛУС ПО ДЕНТАЛНА МЕДИЦИНА

Скопје, 2015

# ВОВЕД

## Причини за предлагање на студиската програма

Поради потребата од усогласување со изменетите прописи од областа на образованието, коишто во чекор го следат процесот на адаптирање кон препораките и барањата на Болоњската декларација и другите прописи на ЕУ со цел создавање на единствен Европски образовен простор, како и потребата за реакредитација на постоечката студиска програма за дентална медицина, Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј,, во Скопје на својата вонредна седница, одржана на ден 06.03 2015 година, донесе Одлука за измени и дополнување на студиската програма од прв циклус студии по дентална медицина.

## Поврзаност со современите научни сознанија

Современите трендови во стоматологијата, развојот на биотехнологијата, биомедицинските и стоматолошките науки, како и препораките на СЗО наметнуваат едукација на доктор по дентална медицина кој ќе може да одговори на потребите на пазарот на трудот.

Со овие студии се очекува да се задоволат потребите од доктори по дентална медицина, како здравствени работници коишто своето професионално место ќе го најдат во јавниот и приватниот здравствен сектор.

Имајќи во предвид дека стоматолошките дисциплини во европски и светски рамки, а и кај нас, во последно време доживуваат интензивен развој во сверата на севкупна екипираност, оваа студиска програма посебно нуди можност да се продолжи процесот на едукација на лицата со завршено гимназиско образование и средно стручно образование за забни техничари. Само квалитетно формиран додипломски стручно диференциран кадар со успех ќе може да ги применува теоретските и практичните сознанија, да користи софистицирана опрема и современи материјали во стоматологијата, како основен предуслов за активно и кооперативно вклучување во секојдневната тимска стоматолошка практика.

Како единствено решение на ова барање е воведувањето на флексибилност во студиските програми, потребата да се интегрираат базичната биомедицинска и стоматолошка наука и што е особено важно, студентот да се постави во центарот на вниманието. Така, студентот, ќе ги стекне современите и практични знаења во стоматологијата и стоматолошката практика, ќе биде едуциран за потребите од постојано усвојување на нови информации и максимизирање на стекнатото знаење и способност и ќе се инспирира за континуирана стоматолошка едукација во текот на професионалниот живот.

## Споредливост со програми од странските високообразовни установи

Студиската програма е со времетраење од шест години или дванаесет семестри. Во секој семестар се стекнуваат по 30 кредити или вкупно 360 кредити. Со завршување на студиската програма, по положување на предметните програми, студентот се стекнува со стручен назив дипломиран доктор по дентална медицина (ДДМ). Со завршување на студиите, докторите по дентална медицина ќе се оформат во здравствени работници со стручност, која ќе им овозможи самостојна креација во изведување на сложените постапки од доменот на денталната медицина во јавните и приватните стоматолошки ординации.

При дизајнирањето на оваа студиска програма беа земени во предвид позитивните искуства на неколку европски универзитети од државите членки на ЕУ. Таков пример е Универзитетот во Љубљана, потоа Универзитетите во Загреб и Белград и нивните студии по дентална медицина, а без консултирани и неколку австриски и италијански факултети по дентална медицина. Овие искуства беа земени во предвид со цел да се направи современа образовна програма која ќе овозможи лесно препознавање на дипломата и нејзино признавање во рамките на европското образовно подрачје, а со тоа и поголема мобилност на студентите, на наставниот и соработничкиот кадар. Оваа студиска програма, изменета и дополнета, има елементи на компатибилност со наведените студиски програми од европските универзитети, што на студентите по дентална медицина ќе им даде можност за мобилност во текот на нивното студирање.

При изработката на оваа студиска програма ги зедовме во предвид: а) потребите на пазарот на трудот од профилот дипломиран доктор по дентална медицина и б) нашите

можности (просторни, материјални и организациони) за спроведување на истата.

**Хронолошки редослед на усвојување и измени на студиските програми**

Стоматолошкиот факултет во Скопје е меѓу првите факултети во рамките на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје којшто започна со процесот на прилагодување на своите студиски програми кон принципите на Европскиот кредит трансвер систем (ЕКТС). Во продолжение, по хронолошки редослед ќе бидат наведени сите досега донесени студиски програми на факултетот.

Во учебната 1966/67 година се преминало на петгодишни студии (10 семестри) со вкупен фонд од 4575 часови од кои теоретска настава 1995 (44%) и практична настава од 2580 (56%) часа, а вкупниот број на предмети изнесувал 36.

Во учебната 1973/74 година донесена е третата наставна програма, според која наставата и понатаму се реализирала во десет семестри, а бројот на предметите останатал ист, односно 36. Вкупниот број на часови претрпел мали измени и изнесувал 4665 од кои теоретска настава 2115 (45%), а практичната настава 2550 (55%) часа.

Во учебната 1979/80 година била донесена четвртата студиска програма при што наставата и понатаму траела десет семестри со 49 предмети и вкупен фонд на часови 4500 од кои теоретски часа 1950 или (43%), а практични часови 2550, односно (57%).

Во учебната 1981/82 година била донесена петтата студиска програма со настава во десет семестри и вкупен фонд на часови 4500. Од нив 1875 (42%) биле теоретски и 2625 (58%) биле практична настава.

Во учебната 1988/89 година била донесена шестата студиска програма, повторно во десет семестри со вкупен фонд на часови 4590, од кои теоретска настава 1935 (42%) и 2655 (58%) опфаќала практичната настава.

Во учебната 1991/92 година била донесена шестгодишна студиска програма со вкупен фонд од 4785 часови од кои теоретски 2025 (42,3%) и 2760 (56,7%) практична настава.

Во 2003 година е направена целосна реорганизација на Стоматолошкиот факултет според ЕКТС со што е направен обид за признавање на студиите во странство. Според овој систем наставата се организирала во десет семестри со вкупен фонд на часови 4500, од кои теоретски биле 2085 (46,3%) и 2415 (53,6%) практична настава.

Во учебната 2005/06 година наставата е организирана како петгодишен курикулум во траење од десет семестри за професионална едукација на доктори по стоматологија според моделот на Болоњската декларација.

Во учебната 2009/10 година е донесена десетата по ред студиска програма во траење на десет семестри, со вкупно 4385 часа од кои 2070 часа теоретска настава и 2315 часа практична настава. Со оваа студиска програма за прв пат е профилиран терминот доктор по дентална медицина.

Во учебната 2015/16 година е донесена, според хронолошкиот редослед, единаесеттата студиска програма за прв циклус студии по дентална медицина со вкупен фонд од 5075 часа, од нив 1725 се теоретски, а 2610 се практични часови. Согласно препораките ЕКТС во студиската програма со 650 часа се застапени семинарите.

Сегашната состојба на стоматологијата во Р. Македонија, за отворање на стоматолошки ординации е уредена со Правилник за потребниот простор, опрема и стручен кадар за основање, почнување со работа и вршење на здравствена дејност во здравствени установи (Службен весник: 91/2013), донесен од Министерството за здравство на Р. Македонија. Според овој Правилник, стоматолозите се должни да вработуваат забен техничар. Имено, стоматологот може да вработи: забен техничар, медицинска сестра, лаборант, акушерка. Ваквиот профил на кадри неможе да ги исполни основните цели кои се состојат во превенцијата на оралните заболувања.

Поради сето тоа со измените и дополнувањата на оваа студиска програма целта ни е да оспособиме кадар којшто доминантно ќе се занимава со спроведување на мерки и постапки за работа во стоматолошка ординација со пациенти и ќе го најде своето место на пазарот на трудот во нашата држава, а секако и во странство.

**Елементи со кои се овозможува мобилност на студенти**

Мобилноста на студентите и секако мобилноста на наставниот и соработничкиот кадар се реализира согласно обврските предвидени во позитивните законски прописи преку студентски размени, студиски престој, реализација на проекти и сл., што е овозможено преку

склучување на договори за меѓууниверзитетска и меѓуфакултетска соработка со други факултети, односно Универзитети од нашето опкружување, но и пошироко. До сега Унивезитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, чија единица е и Стоматолошкиот факултет има склучено договори за соработка кои ја опфаќаат и мобилноста на студентите со следните Универзитети:

Универзитетите во Белград и Ниш, Република Србија, Универзитетите во Загреб, Задар и Осјек, Република Хрватска, Универзитетот за медински науки во Софија, Република Бугарија, Универзитетот во Тирана во Република Албанија, Универзитетот во Бања Лука, Зеница, Сараево, Мостар и Тузла во Босна и Херцеговина. Стоматолошкиот факултет во Скопје има склучено меѓуфакултетски договори со Стоматолошкиот факултет во Загреб, Хрватска, Стоматолошкиот факултет во Анкара, Турција и Стоматолошкиот факултет во Белград, Србија.

## ОПШТ ДЕЛ

### 1. Назив на предлагачот на студиската програма

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје –Стоматолошки факултет Скопје

### 2. Назив на студиската програма

интегрирани студии од прв и втор циклус по дентална медицина

### 3. Траење на студиите

Должината на траење на студиите е шест години или дванаесет семестри

### 4. Услови за запишување на студиите

Условите и начинот за запишување на студенти на студиската програма за дентална медицина се во согласност со Законот за високо образование и Статутот на Универзитетот, како и со Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје.

### 5. Спецификација на генерички (општи) и специфични компетенции коишто студентот ќе ги стекне со завршување на студиите од I-от циклус и за кои работни места е способен

#### а) Генерички -општи компетенции

- способност да ги примени знаењата на начин што покажува професионален пристап во работата и професијата доктор по дентална медицина, како и способност за дијагностицирање, анализирање и третирање на проблемите коишто произлегуват од патологијата на стоматогнатниот систем;
- способност да ги оценува теоретските и практичните прашања, да дава објаснување за причините за појава на заболувања на стоматогнатниот орган и да избира соодветни решенија во соработка со доктор специјалист од сите специјалности во стоматологијата и медицината;
- способност да комуницира и дискутира како со стручната, така и со пошироката нестручна јавност за размена на информации, идеи, проблеми и решенија кога критериумите за одлучување и опсегот на задачата се јасно дефинирани.

#### б) Специфични компетенции

- познавање на анатомијата, физиологијата и хистолошката структура на млечната и трајната дентиција, на усната празнина, на горната и долната вилица, на виличниот зглоб, како и на останатите орални ткива, во услови на клинички здрави и патолошки променети структури;
- добивање на неопходни познавања од базичните медицински науки;
- дијагностицирање на заболувањата на стоматогнатниот систем преку земање на соодветна анамнеза;
- донесување на правилни, ефикасни терапевтски решенија во интерес на пациентот;
- преземање на неопходни превентивни мерки коишто имаат за цел спречување на појавата на орални заболувања и примена на тие мерки во секојдневната стоматолошка практика и пошироко во општествената заедница;
- дијагностицирање и реставрирање на кариозните дефекти на тврдите забни ткива, како и примена на ендодонтски интервенции на заболената и патолошки променетата забна пулпа на млечните и трајните заби;
- дијагностицирање на дентофацијалните аномалии кај младата популација и укажување за потребата од преземање на натамошен специјалистички третман;

– спроведување на потребен протетички третман со којшто се надоместуваат делумно или целосно изгубените забните низи преку воспоставување на правилна оклузија, неопходно потребна за уредно извршување на функциите на џвакалниот систем;
– анестезирање на одредени регии на стоматогнатниот систем и третман на орофацијалната болка;
– изведување на оралнохируршки интервенции на тврдите ткива (екстракција на заби) и едноставни хируршки интервенции на меките ткива;
– дијагностицирање и конзервативен третман на пародонталните заболувања;
– дијагностицирање и третман на заболувањата на оралната мукоза, како и рана детекција на премалигните лезии во усната празнина;
– третман на итни медицински и дентални состојби, коишто може да се случат во секојдневната практика;
– почитување на приватноста на пациентот и чување на професионалната тајна;
– почитување на медицинско етичките норми во работата со пациентите;
– соработување со други здравствени работници, со одредени специјалисти и субспецијалисти од разни области на стоматологијата и медицината и подготвеност за тимска работа;
– поседување желба за натамошна континуирана стоматолошка едукација;
– познавање на структурата, организацијата и финансирањето на здравствениот, а особено на забоздрастврениот систем;

### в) Работни места за кои се способни

– работа во јавна здравствена установа;
– самостојна работа во приватна здравствена установа;
– работа во фирми коишто се занимаваат со набавка, дистрибуција и продажба на стоматолошки материјали, стоматолошка опрема и инструменти;
– работа во општествени установи коишто се занимаваат со промоција и организација на оралното здравје на населението (министерства, агенции и сл).

## 6. Стручен назив кои се стекнува со завршување на студиите

Дипломиран доктор по дентална  медицина

# КОМПОНЕНТА - 1 - КАРТА НА ВИСОКООБРАЗОВНАТА УСТАНОВА

| | |
|---|---|
| Назив на високообразованата установа | Универзитет„Св.Кирили Методиј“ во Скопје<br>Стоматолошки факултет - Скопје |
| Седиште | ул. „Мајка Тереза“ бр.17, Скопје |
| Веб страна | www.stomfak.ukim.edu.mk |
| Вид на високообразовната установа | Јавна високообразовна установа |
| Податоци за последна акредитација | 2010 година, студиска програма за доктори по дентална медицина |
| Студиски и научноистражувачки подрачја за кои е добиена акредитација | Стоматологија |
| Единици во состав на високообразовната установа | Основни внатрешни организациони единици:<br>1. Катедра за стоматолошка протетика,<br>2. Катедра за ортодонција,<br>3. Катедра за детска и превентивна стоматологија,<br>4. Катедра за болести на забите и ендоднтот,<br>5. Катедра за орална хирургија,<br>6. Катедра за пародонтологија,<br>7. Катедра за максилофацијална хирургија.<br>Други внатрешни организациони единици:<br>1. Библиотека<br>2.Стручна административна служба |
| Студиски програми што се реализираат во единицата која бара проширување на дејноста со воведување на нова/и студиска/и програма/и | 1. Студиска програма за доктори по дентална медицина, I циклус,<br>2. Студиска програма за стручни забни техничари, I циклус,<br>3. Студиска програма за стручни стоматолошки сестри, I циклус,<br>4. II циклус универзитетски студии по стоматологија,<br>5. III циклус докторски студии по стоматологија |
| Податоци за меѓународна соработка на планот на наставата, истражувањето и мобилноста на студентите | Стоматолошкиот факултет во Скопје постојано се стреми кон интензивирање на процесот на меѓународна соработка пред се преку склучување на договори за меѓуфакултетска соработка со стоматолошките факултети од поблиското опкружување, а во тек е вооспоставување на меѓународна соработка и со Стоматолошкиот Факултетот при Универзитетот во Тенеси, САД. Посебно се истакнува соработката во рамките на склучените меѓуфакултетски договори со Стоматолошкиот факултет во Загреб и Стоматолошкиот факултет во Белград на полето на размена на наставен и соработнички кадар, размена на студенти, размена на искустава и информации при изготвување на студиските програми, реализирање на научноистражувачката дејност со задничко учество, вклучување на професори од странство во реализацијата на континуираната едукација на факултетот. Следејќи ги законските измени и обврски Факултетот вклучува во изведувањето на наставата истакнати професори од странство во својство на визитинг професори .Исто така би ја издвоиле и мобилноста на наставници и студенти која се остварува преку проектот Erasmus mundus. |
| Податоци за просторот наменет за изведување на наставната и истражувачката дејност | Факултетот дејноста ја врши на наставните бази и тоа на претклиниките и клиниките во состав на ЈЗУ Универзитетски клинички центар „Св.Пантелејмон“ и во состав на ЈЗУ Универзитетска клиника за максилофацијална хирургија. Меѓусебните права и обврски на Факултетот и јавните здравствени установи се уредени со посебни спогодби. |

| | |
|---|---|
| Податоци за опремата за изведување на наставната и истражувачката дејност | Опремата за изведување на наставната и истражувачката дејност на факултетот е сместена во наставните бази: претклинички сали, заботехнички лабаратории, едукативен центар, биохемиска лабараторија, клинички сали, амфитеатри, предавални и комјутерски центар. |
| Број на студенти за кои е добиена акредитација | 800 |
| Број на студенти (првпат запишани) | I циклус /129, II циклус/ 5, III циклус/15, **вкупно/149** |
| Број на лица во наставно-научни, научни и наставни звања | 33 наставно-научни звања, 20 научни звања |
| Број на лица во соработнички звања | 29 |
| Однос наставник : студенти (број на студенти на еден наставник) за секоја единица одделно | 5 студенти на еден наставник |
| Внатрешни механизми за обезбедување и контрола на квалитетот на студиите | Во рамките на факултетот предвидено е постоење на функционално-работни единици за:<br>- комјутерска проверка на знаењата,<br>- координација и усогласување на наставната и апликативната дејност,<br>- координирање на ЕКТС,<br>- самоевалуација на Факултетот,<br>- самоевалуација на секоја од студиските програми.<br>По завршивање на семестарот се спроведува анонимна студентска анкета со која се оценуваат предметните програми и наставниот и соработнички кадар. |
| Фреквенција на самоевалуациониот процес (секоја година, на две години, на три години) | На три години |
| Податоци за последната спроведена надворешна евалуација на установата | Последната надворешна евалуација на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје во чиј сотав е Стоматолошкиот факултет е спроведена во месец јануари 2014 год. за период од три години сметано од 2010/2011 до 2012/2013 академска година . Истата е спроведена од страна на експертски тим на професори определен од ЕАУ. Во извештајот за надворешната евалуација за работењето на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“во Скопје за наведениот период е дадена исклучително позитивна оцена. |
| Други податоци кои установата сака да ги наведе како аргумент за нејзината успешност | Факултет со најдолга традиција на полето на стоматологија во Република Македонија |

**КОМПОНЕНТИ 1а И 1б- ОПШТИ ДЕСКРИПТОРИ НА КВАЛИФИКАЦИИ ЗА СЕКОЈ ЦИКЛУС НА СТУДИИ СОГЛАСНО СО УРЕДБАТА ЗА НАЦИОНАЛНАТА РАМКА НА ВИСОКО-ОБРАЗОВНИТЕ КВАЛИФИКАЦИИ;**
**СПЕЦИФИЧКИ ДЕСКРИПТОРИ НА КВАЛИФИКАЦИЈАТА СО КОИ СЕ ОДРЕДУВААТ РЕЗУЛТАТИТЕ ОД УЧЕЊЕТО ЗА ПОЕДИНЕЧНАТА СТУДИСКА ПРОГРАМА СОГЛАСНО СО УРЕДБАТА ЗА НАЦИОНАЛНАТА РАМНА А ВИСОКО-ОБРАЗОВНИТЕ КВАЛИФИКАЦИИ**

Квалификации кои означуваат успешно завршување на првиот циклус студии по дентална медицина (360 ЕКТС) се доделуваат на лице кое ги исполнува следните дескриптори на квалификациите:

## ОПШТИ ДЕСКРИПТОРИ НА КВАЛИФИКАЦИИТЕ

| | |
|---|---|
| Знаења и разбирање | Покажува знаење и разбирање во подрачјето медицински науки и здравство кое се надградува врз претходното четиригодишно средно образование и обука, вклучувајќи и познавање во доменот на теоретски, практични, концептуални, компаративни и критички перспективи во полето фундаментални медицински и стоматолошки науки, клиничка медицина, општа хирургија и јавно здравство како и во полето на стоматолошките клинички дисиплини(протетика, ортодонција, детска и превентивна стоматологија, орална и максилофацијална хирургија, пародонтологија и болести на устата и забите), според соодветна методологија. Разбирање на сите области од стоматолошките науки и здравството и познавање на тековните прашања во врска со научните истражувања и новите извори на знаење.<br>Покажува знаење и разбирање за разни теории, методологии. |
| Примена на знаењето и разбирањето | Може да го примени знаењето на начин што покажува професионален пристап во работата и професијата доктор по дентална медицина.<br>Покажува компетенција за идентификација, анализа и решавање проблеми.<br>Способност за пронаоѓање и поткрепување аргументи во рамките на медицината и стоматологијата.<br>Способност за критичко, независно и креативно решавање проблеми со одредена оригиналност во нови или непознати средини и во мултидисциплинарен контекст, поврзани со медицинските науки и здравството. |
| Способност за проценка | Способност за прибирање, анализирање, оценување и презентирање информации, идеи и концепти од релевантни податоци.<br>Способност за синтетизирање на знаењето и донесување на соодветна проценка земајќи ги предвид личните, општествените, научните и етичките аспекти.<br>Способност да оценува теоретски и практични прашања, да дава објаснување за причините и да избере соодветно решение.<br>Способност за справување со сложени прашања, систематски и креативно, за солидно проценување дури и при некомплетни и ограничени информации, но кои ги вклучуваат личните, општествените и етичките одговорности при примената на стекнатото знаење и процена. |

| | |
|---|---|
| Комуникациски вештини | Способност да комуницира и дискутира, и со стручната, и со нестручната јавност, за информации, идеи, проблеми и решенија кога критериумите за одлучување и опсегот на задачата се јасно дефинирани.<br>Преземање значителна одговорност за колективни резултати; водење и иницирање активнсоти.<br>Способност за независно учество, со професионален пристап, во специфични, научни и интердисциплинарни дискусии. |
| Вештини на учење | Способност за препознавање на личната потреба за понатамошно знаење и способност за независно и самостојно делување при стекнувањето нови знаења и вештини во општествени рамки.<br>Способност за преземање одговорност и понатамошен професионален развој и усовршување. |

## СПЕЦИФИЧНИ ДЕСКРИПТОРИ НА КВАЛИФИКАЦИИТЕ

| Тип на дескриптори | Циклус на студии | Дескриптори на квалификациите |
|---|---|---|
| Знаење и разбирање | I циклус на студии за доктори по дентална медицина | 1. Демонстрира знаење на медицинска терминологија, нормалните морфолошки карактеристики на човечкиот организам и промените предизвикани од ткивни и клеточни патолошки промени, физиолошките механизми и основните патолошки механизми кои на ниво на молекули, ткива, органи и системи се основа на здравјето или развојот на болести,<br>2. Покажува знење за природата и причините за акутните и хронични болести, одбрамбениот систем на организмот и патолошките последици од овие состојби;<br>3. Демонстрира знаење на фундаменталните основи на дијагностиката и механизмите на дејство на лековите. Превенција, лекување и рехабилитација на болестите, социјалните аспекти на здравјето и болеста и етичките начела во медицинската како и во стоматолошката теорија и пракса.<br>4. Има основни познавања од областа на менаџментот, етиката, законодавството и социологијата; организирање на активности, основни познавања од научно-истражувачката работа, хигиената и превентивните здравстваени услуги како и медицинска статистика и информатика.<br>5. соодветно познавање на науките на кои се базира стоматологијата и добро разбирање на научните методи, вклучувајќи ги и принципите за мерење на биолошките функции, евалуацијата на научно докажаните факти и анализата на податоци; |

| | | |
|---|---|---|
| | | 6. соодветно познавање на структурата и функцијата на забите, устата, вилиците и останатите орални ткива, и здрави и заболени, и нивната релација со општата здравествена состојба и со физичката и социјалната благосостојба на пациентот;<br>7. соодветно познавање на клиничките дисциплини и методи за превенција и третман на аномалиите, болестите на забите, устата, вилиците и останатите орални ткива. |
| Примена на знаењето и разбирањето | | 1. Способност да добие релевантна медицинска и стоматолошка историја од пациентот и да изврши соодветно насочен физички преглед вклучувајќи дополнителни технички процедури;<br>2. Способност да користи лабораториски и други стоматолошки дијагностички тестови, да ги применува теоретските принципи и практичните вештини во поставување на дијагноза и процедури на третман за справување со оралните заболувања и намалување на ризикот од патолошки состојби како и за препознавање на сите сосојби на непосредна опасност по животот на пациентите;<br>3. Способност за конзервативен третман на пародонталните заболувања, за третман на кариесот и на пулпините заболувања, за едноставни орално-хируршки интервенции, за третман на орофацијалната болка и за анестезирање во орофацијалната регија, за рествирање на дефектите и/или забите кои недостасуваат како и за третман на дентофацијалните аномалии вклучително и ортодонтско-максилофацијалните процедури<br><br>4. Професионално решава стручни проблеми и тимски соработува во процесите на дијагностицирање и третирање на оралните заболувања, и ги интегрира своите активности во рамките на општите и специфични организации во здравствениот систем во општеството. |
| Способност за проценка | | 1. Демонстрира способност да препознае, процени, поврзе и толкува знаци или симптоми на дадена состојба, ги синтетизира информациите добиени од историјата, стоматолошкиот преглед и дијагностичките тестови за да формулира диференцијална дијагноза и дијагноза врз основа на клинички и научни докази<br>2. Демонстрира способност критички да ги користи информациите добиени од фундаменталните и клиничките биомедицински и стоматолошки истражувања, вклучувајќи ги и принципите на стоматологијата базирана на докази;<br>3. Покажува способност да формира мислења и |

| | | |
|---|---|---|
| | | заклучоци со примена на етичките принципи во професијата и социјалниот контекст на пациентот. |
| Комуникациски вештини | | 1. Покажува способност на едноставен и јасен начин да ги презентира информациите во врска со нивната професинална дејност, усно и во писмена форма, во согласност со културното ниво на соговорникот;<br>2. Комуницира со сочуство, почит и со интелектуална искреност со пациентот и неговите роднини за да обезбеди најдобра можна поддршка во одлуките за неговото здравје.<br>3. Покажува способност да ги користи своите знаења и вештини професионално да комуницира со колегите и соработниците, да работи ефикасно како член на тимот и да координира активности. |
| Вештини на учење | | 1. Демонстрира развиени вештини на учење (концентрација, читање, слушање, меморирање, користење на времето) кои му овозможуваат да ги продолжи студиите на автономен начин со цел доживотно да се едуцира во специфични професионални области;<br>2. Способност за консултација на сите видови научна литература за целосна употреба со цел да ги применуваат резултатите од истражувањата во третманот на пациентите на соодветен начин;<br>3. Способност за користење на ефективни стратегии за сопствено едуцирање, вклучувајќи ја и употребата на информатичка технологија. Посетува професионални собири. |

## КОМПОНЕНТА 2- ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА, ОДНОСНО НАСТАВНИЧКИОТ СОВЕТ НА САМОСТОЈНАТА ВИСОКА СТРУЧНА ШКОЛА ИЛИ НАУЧНИОТ СОВЕТ НА НАУЧНАТА УСТАНОВА

Република Македонија
СТОМАТОЛО... ФАКУЛТЕТ
Бр. 02-241
06.03.2015 год
СКОПЈЕ

Врз основа на член 63 од Законот за високо образование (Сл.весник на РМ бр.35/08, 103/08 ,26/09, ,83/09 ,99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14) и член 40 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Стоматолошки факултет- Скопје во состав на Универзитет „Св.Кирил и Методијг“, а во врска со член 2 од Правилникот за задолжителни компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус на студии (Сл.весник на РМ бр.25/11 и 154/11), Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет на вонредната седница одржанана ден 06.03.2015 година ја донесе следнава

**ОДЛУКА**
**За усвојување на Предлог-проект за измени и дополнување на студиска програма од прв циклус студии по дентална медицина**

**член 1**

Се усвојува Предлог-проектот за измени и дополнување на студиската програма од прв циклус студии по дентална медицина на Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ - Стоматолошки факултет Скопје.

**член 2**

Усвоениот Предлог-проект да се достави до органите на Универзитетот на понатамошна постапка за давање согласност и усвојување на истиот.

**член 3**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

Доставено до:
- Архива,
- Ректорат,
- Одбор за соработка и доверба со јавност.

**Декан**

**Проф. д-р Љубен Гугувчевски**

# КОМПОНЕНТА 3 – ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА ОД РЕКТОРСКАТА УПРАВА ИЛИ УНИВЕРЗИТЕТСКИОТ СЕНАТ ОДНОСНО СОВЕТОТ НА НАУЧНАТА УСТАНОВА

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Ss. Cyril and Methodius University in Skopje

Одлука од УС
Ознака: ОБ 5.5/13
Страна: 1 од 1

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Бр. 02-336
27-3 2015 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 104 од Законот за високото образование, член 246 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, по предлог на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет, Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на 28. седница одржана на 20 март 2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Проектот за измени и дополнувања на студиската програма од прв циклус студии по *дентална медицина* на Стоматолошкиот факултет**

**Член 1**

Универзитетскиот сенат го усвојува Проектот за измени и дополнувања на студиската програма од прв циклус студии по *дентална медицина* на Стоматолошкиот факултет.

**Член 2**

Универзитетскиот сенат го упатува Проектот од член 1 на оваа Одлука до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на натамошна постапка за акредитација, односно реакредитација. Проектот во печатена и во електронска форма до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование се доставува од страна на единицата на Универзитетот - предлагач и организатор на студиската програма.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила со нејзиното донесување и ќе се објави во *Универзитетски гласник*.

**Ректор**
**Проф. д-р Велимир Стојковски**

Доставено до:
- Стоматолошкиот факултет
- Одборот за акредитација и евалуација на високото образование

## КОМПОНЕНТА 4 – НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКО ПОДРАЧЈЕ, ПОЛЕ И ОБЛАСТ КАД ПРИПАЃА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

Согласно меѓународната Фраскатиева класификација на научно-истражувачките подрачја, полиња и области, студиската програма од прв циклус студии за доктори по дентална медицина припаѓа на:

1. Научното подрачје - стоматологија,
2. Научно поле - медицински науки и здравство,
3. Сите области од научното поле стоматологија согласно Фраскатиевата класификација

## КОМПОНЕНТА 5- ВИД НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

Вид на студската програма**: Академски** студии по дентална медицина.

## КОМПОНЕНТА 6 - СТЕПЕН НА ОБРАЗОВАНИЕ

Студиската програма припаѓа на **првиот циклус на универзитетски студии**.

## КОМПОНЕНТА 7 – ЦЕЛ И ОПРАВДАНОСТ ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

Целта на воведување на студиската програма за интегрирани студии по дентална медицина е осовременување на старата програма, воведување на шест годишни студии со 12 семестри и 360 кредити. Воведување на нови актуелни задолжителни и изборни предмети, воведување на повеќе часови практична работа особено работа со пациенти во шестата година на студиите. Со оваа програма воведуваме завршен усмен испит кај повеќето клинички испити и семинари за интерактивна настава во помали групи. Оправданоста за воведување на новата програма на интегрирани студии по Дентална медицина е прилагодување и изедначување со студиските програми по дентална медицина во универзитетите на соседните земји но и најголем број на земјите од Европската унија каде студиите по дентална медицина се шест години 12 семестри и 360 кредити. Студентите кои ќе ја завршат оваа програма ќе се стекнат со диплома препознатлива во земјите од Европската унија.

## КОМПОНЕНТА 8 - ГОДИНИ И СЕМЕСТРИ НА ТРАЕЊЕ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

Академските студии по дентална медицина , I циклус на студии ќе се се реализираат во текот на **шестгодишен курикулум , односно 12 семестри** .

Наставата по сите предметни програми ќе се изведува преку теоретска, практична настава, семинар и клиничка пракса. Студиската програма е конципирана во согласност со европскиот систем на пренесување на бодови.

## КОМПОНЕНТА 9 - ЕКТС КРЕДИТИ СО КОИ СЕ СТЕКНУВА СТУДЕНТОТ

Со целосно завршување на обврските во текот на студирањето, студентот се стекнува со **360 кредити**.

## КОМПОНЕНТА 10 - НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

Студиската програма се финансира 50% од Буџетот на Р. Македонија, а 50% со финансирање од страна на студентите.

## КОМПОНЕНТА 11 - УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ

Условите и начинот на запишување на студиската програма се во согласност со Законот за високо образование и детално утврдените критериуми предвидени во Конкурсот за

запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитетот ,, Св. Кирил и Методиј” во Скопје .

## КОМПОНЕНТА 12 - ИНФОРМАЦИЈА ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Студиската програма дава можност за продолжување на образованието во втор циклус на студии во одредени области од стоматологијата, трет циклус докторски студии и специјализации од областа на стоматологијата согласно Законот за здравствена заштита и понатамошна континуирана едукација во различни области на стоматологијата и медицината.

# КОМПОНЕНТА 13 - УТВРДЕН СООДНОС ПОМЕЃУ ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ И ИЗБОРНИТЕ ПРЕДМЕТИ, СО ЛИСТА НА ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПРЕДМЕТИ, ЛИСТА НА ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ И ДЕФИНИРАН НАЧИН НА ИЗБОР НА ПРЕДМЕТИТЕ

**Прва година I семестар**

| Код | Задолжителни предмети | теор. пред. | вежби | семинари | часови | Кред. поени |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1101 | Медицинска хемија | 15 | 15 | 0 | 1+1+0 | 2 |
| 1102 | Биохемија | 30 | 30 | 10 | 2+2+1 | 5 |
| 1103 | Анатомија 1 | 30 | 45 | 10 | 2+3+1 | 6 |
| 1104 | Биологија | 30 | 45 | 10 | 2+3+1 | 6 |
| 1105 | Биофизика | 15 | 15 | 10 | 1+1+1 | 3 |
| 1106 | Медицинска етика и психологија | 30 | 0 | 10 | 2+0+1 | 3 |
| 1107 | Англиски јазик 1 | 30 | 0 | 30 | 2+0+3 | 5 |
| | Вкупно | 180 | 150 | 80 | | 30 |

Вкупно 410 часа/30 кредити

**Прва година II семестар**

| Код | Задолжителни предмети | теор. пред. | вежби | семинари | Часови | Кред. поени |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1208 | Анатомија 2 | 30 | 45 | 10 | 2+3+1 | 6 |
| 1209 | Физиологија 1 | 30 | 45 | 0 | 2+3+0 | 5 |
| 1210 | Хистологија и ембриологија | 45 | 30 | 10 | 3+2+1 | 6 |
| 1211 | Дентални материјали | 30 | 0 | 20 | 2+0+2 | 4 |
| 1212 | Анатомија и морфологија на вилици и заби | 15 | 30 | 20 | 1+2+2 | 5 |
| 1213 | Спорт и здравје | 0 | 30 | 0 | 0+2+0 | 2 |
| | Еден изборен предмет | 15 | 15 | 0 | 1+1+0 | 2 |
| | Вкупно | 165 | 195 | 60 | | 30 |

Вкупно 420 часа /30 кредити

**Изборна група предмети за прва година II семестар**

| Код | Изборни предмети | теор. пред. | вежби | семинари | Часови | Кред. поени |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1221 | Биостатистика | 15 | 15 | 0 | 1+1+0 | 2 |
| 1222 | Применети информатички знаења во стоматологијата | 15 | 15 | 0 | 1+1+0 | 2 |
| 1223 | Хигиена | 15 | 15 | 0 | 1+1+0 | 2 |

**Втора година III семестар**

| Код | Задолжителни предмети | теор. пред. | вежби | семинари | Часови | Кред. поени |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2101 | Физиологија 2 | 45 | 30 | 20 | 3+2+2 | 7 |
| 2102 | Микробиологија и имунологија | 45 | 30 | 10 | 3+2+1 | 6 |
| 2103 | Општа патологија | 30 | 30 | 20 | 2+2+2 | 6 |
| 2104 | Претклиничка мобилна протетика-ТП | 15 | 45 | 0 | 1+3+0 | 4 |
| 2105 | Орална биохемија | 15 | 15 | 10 | 1+1+1 | 3 |
| 2106 | Ергономија | 15 | 0 | 10 | 1+0+1 | 2 |
| | Еден изборен предмет | 15 | 0 | 10 | 1+0+1 | 2 |
| | Вкупно | 180 | 150 | 80 | | 30 |

Вкупно 410 часа/ 30 кредити

**Изборна група предмети за втора година III семестар**

| Код | Изборни предмети | теор. пред. | вежби | семинари | Часови | Кред. поени |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2121 | Орофацијална генетика | 15 | 0 | 10 | 1+0+1 | 2 |
| 2122 | Социјална медицина | 15 | 0 | 10 | 1+0+1 | 2 |
| 2123 | Здравствена екологија | 15 | 0 | 10 | 1+0+1 | 2 |

**Втора година IV семестар**

| Код | Задолжителни предмети | теор. пред. | вежби | семинари | Часови | Кред. поени |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2207 | Патолошка физиологија | 45 | 30 | 10 | 3+2+1 | 6 |
| 2208 | Фармакологија | 30 | 15 | 20 | 2+1+2 | 5 |
| 2209 | Патолошки основи на болестите | 30 | 30 | 10 | 2+2+1 | 5 |
| 2104 | Претклиничка мобилна протетика-ПП | 15 | 45 | 0 | 1+3+0 | 4 |
| 2210 | Неврологија | 30 | 30 | 0 | 2+2+0 | 4 |
| 2211 | Епидемиологија | 15 | 15 | 10 | 1+1+1 | 3 |
| 2212 | Орална хигиена | 15 | 15 | 10 | 1+1+1 | 3 |
| | Вкупно | 180 | 180 | 60 | | 30 |

Вкупно 420 часа/30 кредити

**Трета година V семестар**

| Код | Задолжителни предмети | теор. пред. | вежби | семинари | часови | Кред. поени |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3101 | Интерна медицина | 45 | 45 | 10 | 3+3+1 | 7 |
| 3102 | Оториноларингологија | 30 | 30 | 0 | 2+2+0 | 4 |
| 3103 | Педијатрија | 15 | 15 | 10 | 1+1+1 | 3 |
| 3104 | Инфектологија | 15 | 30 | 10 | 1+2+1 | 4 |
| 3105 | Претклиничка фиксна протетика | 15 | 45 | 0 | 1+3+0 | 4 |
| 3106 | Претклиничка кариологија | 15 | 30 | 10 | 1+2+1 | 4 |
| 3107 | Основи на клиничка радиологија | 15 | 30 | 10 | 1+2+1 | 4 |
| | Вкупно | 150 | 225 | 50 | | 30 |

Вкупно 425 часа /30 кредити

**Трета година VI семестар**

| Код | Задолжителни предмети | теор. пред. | вежби | семинари | часови | Кред. поени |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3208 | Општа хирургија | 30 | 30 | 20 | 2+2+2 | 6 |
| 3209 | Дерматовенеро-логија | 15 | 30 | 0 | 1+2+0 | 3 |
| 3210 | Англиски јазик 2 | 30 | 0 | 30 | 2+0+3 | 5 |
| 3105 | Претклиничка фиксна протетика | 15 | 45 | 10 | 1+3+1 | 5 |
| 3211 | Анестезија и седација | 15 | 15 | 10 | 1+1+1 | 3 |
| 3212 | Клиничка кариологија и рестравративна стоматологија 1 | 15 | 45 | 0 | 1+3+0 | 4 |
| 3213 | Офталмологија | 15 | 15 | 0 | 1+1+0 | 2 |
| | Еден изборен предмет | | | | | 2 |
| | Вкупно | 135 | 180 | 70 | | 30 |

**Изборна група предмети за трета година VI семестар**

| Код | Изборни предмети | теор. пред. | вежби | семинари | Часови | Кред. поени |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3221 | Основи на научно истражувачка работа | 30 | 0 | 0 | 2+0+0 | 2 |
| 3222 | Психијатрија | 15 | 15 | 0 | 1+1+0 | 2 |
| 3223 | Гинекологија | 15 | 15 | 0 | 1+1+0 | 2 |

Вкупно 415 часа/30 кредити

**Четврта година VII семестар**

| Код | Задолжителни предмети | теор. пред. | вежби | семинари | Часови | Кред. поени |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4101 | Орална медицина и патологија | 30 | 30 | 10 | 2+2+1 | 5 |
| 3212 | Клиничка кариологија и реставративна стоматологија 2 | 15 | 45 | 10 | 1+3+1 | 5 |
| 4102 | Претклиничка орална хирургија | 15 | 30 | 10 | 1+2+1 | 4 |
| 4103 | Клиничка мобилна протетика | 15 | 45 | 0 | 1+3+0 | 4 |
| 4104 | Детска и превентивна стоматологија | 30 | 30 | 0 | 2+2+0 | 4 |
| 4105 | Стоматолошка рендгенологија | 30 | 15 | 0 | 2+1+0 | 3 |
| 4106 | Судска медицина | 15 | 15 | 10 | 1+1+0 | 3 |
| | Еден изборен предмет | | | | | 2 |
| | Вкупно | 150 | 210 | 40 | | 30 |

**Изборна група предмети за четврта година VII семестар**

| Код | Изборни предмети | теор. пред. | вежби | семинари | Часови | Кред. поени |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4121 | Биомеханика на џвакален систем | 15 | 0 | 10 | 1+0+1 | 2 |
| 4122 | Стоматолошка фармакологија | 15 | 15 | 0 | 1+1+0 | 2 |

Вкупно 430 часа/30 кредити

**Четврта година VIII семестар**

| Код | Задолжителни предмети | теор. пред. | вежби | семинари | Часови | Кред. поени |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4207 | Орална хирургија | 15 | 45 | 20 | 1+3+2 | 6 |
| 4101 | Орална медицина и патологија | 30 | 30 | 10 | 2+2+1 | 5 |
| 4103 | Клиничка мобилна протетика | 15 | 45 | 10 | 1+3+1 | 5 |
| 4208 | Претклиничка ендодонција | 15 | 45 | 10 | 1+3+1 | 5 |
| 4104 | Детска и превентивна стоматологија | 30 | 30 | 10 | 2+2+1 | 5 |
| 4209 | Ургентни состојби и ризични пациенти во денталната пракса | 30 | 0 | 20 | 2+0+2 | 4 |
| | Вкупно | 135 | 195 | 80 | | 30 |

Вкупно 410 часа/30 кредити

**Петта година IX семестар**

| Код | Задолжителни предмети | теор. пред. | вежби | семинари | Часови | Кред. поени |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4207 | Орална хирургија | 30 | 45 | 10 | 2+3+1 | 6 |
| 5101 | Клиничка фиксна протетика | 15 | 60 | 0 | 1+4+0 | 5 |
| 5102 | Клиничка ендодонција | 30 | 60 | 0 | 2+4+0 | 6 |
| 5103 | Гнатологија | 15 | 0 | 10 | 1+0+1 | 2 |
| 4104 | Детска и превентивна стоматологија | 15 | 45 | 0 | 1+3+0 | 4 |
| 5104 | Основи на пародонтологија | 15 | 15 | 10 | 1+1+1 | 3 |
| | Два изборни предмета | | | | | 4 |
| | Вкупно | 120 | 225 | 30 | | 30 |

**Изборна група предмети за петта година IX семестар**

| Код | Изборни предмети | теор. пред. | вежби | семинари | часови | Кред. поени |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5121 | Фокалоза | 10 | 0 | 10 | 1+0+1 | 2 |
| 5122 | Болни состојби во орофацијалната регија | 15 | 0 | 10 | 1+0+1 | 2 |
| 5123 | Дентална естетика | 15 | 15 | 0 | 1+1+0 | 2 |
| 5124 | Геронтостоматологија | 15 | 0 | 10 | 1+0+1 | 2 |

Вкупно 405 часа/30 кредити

Петта година **X** семестар

| Код | Задолжителни предмети | теор. пред. | вежби | семинари | Часови | Кред. поени |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5101 | Клиничка фиксна протетика | 15 | 45 | 0 | 1+3+0 | 4 |
| 4104 | Детска и превентивна стоматологија | 15 | 30 | 10 | 1+2+1 | 4 |
| 5205 | Клиничка пародонтологија | 30 | 30 | 0 | 2+2+0 | 4 |
| 5102 | Клиничка ендодонција | 15 | 30 | 10 | 1+2+1 | 4 |
| 5206 | Максилофацијална хирургија | 30 | 30 | 10 | 2+2+1 | 5 |
| 5207 | Ортодонција | 30 | 30 | 10 | 2+2+1 | 5 |
| 4207 | Орална хирургија | 15 | 45 | 0 | 1+3+0 | 4 |
| | Вкупно | 150 | 240 | 40 | | 30 |

Вкупно 430 часа /30 кредити

**Шеста година XI семестар**

| Код | Задолжителни предмети | теор. пред. | вежби | семинари | часови | Кред. Поени |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5206 | Максилофацијална хирургија | 30 | 30 | 10 | 2+2+1 | 5 |
| 5207 | Ортодонција | 30 | 30 | 0 | 2+2+0 | 4 |
| 6101 | Клиничка пракса-реставративна стоматологија | 0 | 150 часа вкупно Дентална 60 часа Детска стоматологија 60 часа Протетика 30 часа | 0 | 0+10+0 | 10 |
| 6102 | Забоздравство во заедницата | 30 | 0 | 0 | 2+0+0 | 2 |
| 5205 | Клиничка пародонтологија | 15 | 30 | 10 | 1+2+1 | 4 |
| 6103 | Дентална имплантологија | 15 | 15 | 10 | 1+1+1 | 3 |
| 6104 | Менаџмент во стоматологијата | 15 | 0 | 10 | 1+0+1 | 2 |
| | Вкупно | 135 | 255 | 40 | | 30 |

Вкупно 430 часа / 30 кредити

**Шеста година XII семестар**

| Код | Задолжителни предмети | теор. пред. | вежби | семинари | Часови | Кред. поени |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 6205 | Форензична стоматологија | 15 | 15 | 0 | 1+1+0 | 2 |
| 6206 | Дисфункции на ТМЗ | 15 | 0 | 10 | 1+0+1 | 2 |
| 6207 | Ортодонтско-хируршки третман на краниофацијални деформитети | 15 | 0 | 10 | 1+0+1 | 2 |
| 6101 | Блок 1 Клиничка пракса-реставративна стоматологија | 0 | Протетика 120/4 недели Дентална 60/2 недели Детско 60/2недели | 0 | 0+16+0 | 15 |
| 6208 | Блок 2 Клиничка пракса-хируршки дел | 0 | Орална хир.60/2 недели Мфх 30/1 недела Болести 60/2 недели | 0 | 0+10+0 | 9 |
| | Вкупно | 45 | 405 | 20 | | 30 |

Вкупно 470 часа /30 кредити

## ПОНУДЕНА ЛИСТА НА ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ ОД СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ЗА УНИВЕРЗИТЕТСКАТА ЛИСТА НА СЛОБОДНИ ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ

| Код | Изборни предмети | теор. пред. | вежби | семинари | часови | Кред. поени |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1221 | Биостатистика | 15 | 15 | 0 | 1+1+0 | 2 |
| 1222 | Применети информатички знаења во стоматологијата | 15 | 15 | 0 | 1+1+0 | 2 |
| 1223 | Хигиена | 15 | 15 | 0 | 1+1+0 | 2 |
| 2121 | Орофацијална генетика | 15 | 0 | 10 | 1+0+1 | 2 |
| 2122 | Социјална медицина | 15 | 0 | 10 | 1+0+1 | 2 |
| 2123 | Здравствена екологија | 15 | 0 | 10 | 1+0+1 | 2 |
| 3221 | Основи на научно истражувачка работа | 30 | 0 | 0 | 2+0+0 | 2 |
| 3222 | Психијатрија | 15 | 15 | 0 | 1+1+0 | 2 |
| 3223 | Гинекологија | 15 | 15 | 0 | 1+1+0 | 2 |
| 4121 | Биомеханика на џвакален систем | 15 | 0 | 10 | 1+0+1 | 2 |
| 4122 | Стоматолошка фармакологија | 15 | 15 | 0 | 1+1+0 | 2 |
| 5121 | Фокалоза | 10 | 0 | 10 | 1+0+1 | 2 |
| 5122 | Болка во стоматологијата | 15 | 0 | 20 | 1+0+1 | 2 |
| 5123 | Дентална естетика | 15 | 15 | 0 | 1+1+0 | 2 |
| 5124 | Геронтостоматологија | 15 | 0 | 10 | 1+0+1 | 2 |

## КОМПОНЕНТА 14- ПОДАТОЦИ ЗА ПРОСТОРОТ ПРЕДВИДЕН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

Стоматолошкиот факултет – Скопје, својата високообразовна дејност ја врши во рамки на просторот со кој самостојно располага, но пред се на своите две наставни бази и тоа на:
- Јавната здравствена установа Универзитетски стоматолошки клинички центар ,,Св. Пантелејмон,, Скопје и
- Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за максилофацијална хирургија Скопје.

Меѓусебните права и обврски Факултетот со овие две установи ги уредува со Спогодби склучени согласно законот за високо образование (односно со **АНЕКС 1** даден во прилог за двете установи кој дава преглед на просторот и работите кои ќе се користат истовремено за вршење на високообразовната, научноистражувачката и здравствената дејност)

**Наставни бази**

ЈЗУ Универзитетски клинички центар „Св.Пантелејмон“, кој располага со вкупна површина од 4650 m2, во чии рамки функционираат Клиниката за ортодонција, Клиниката за детска и превентивна стоматологија, Клиниката за стоматолошка протетика, Клиниката за болести на забите и ендодонтот, Клиниката за орална хирургија и Клиниката за болести на устата и пародонтот.
ЈЗУ Универзитетска клиника за максилофацијална хирургија Скопје, која располага со вкупна површина од 1513 m2.

Во рамки на клиниките, Стоматолошкиот факултет – Скопје располага со простор конкретно наменет за реализација на теоретска настава и тоа:
- амфитеатар со 150 места,
- амфитеатар со 120 места,
- една предавална со 30 места,
- компјутерска училница со 25 места
- библиотека со 20 места.

Практичната настава се одвива во претклинички и забно-протетски лаборатории, клинички и технички сали, операциони сали, едукативен центар.

**Сопствен простор**

Админитративен дел со вкупна површина од 650 m2 и барака (стар деканат) каде функционира центар за компјутерско полагање на испити.

## КОМПОНЕНТА 15 – ЛИСТА НА ОПРЕМА ПРЕДВИДЕНА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

Опремата предвидена за реализација на студиската програма, односно за изведување на наставната и истражувачката дејност на Факултетот е сместена во наставните бази наведени во компонента 14. Опремата просторно се наоѓа во претклиничките и клиничките сали, заботехничките лаборатории, биохемиската лабораторија, во предавалните и амфитеатрите,
комјутерскиот центар, во едукативен центар и.т.н.

**Прилог на компонента 14 и 15 се:**

1.Спогодбата за уредување на меѓусебните односи во вршењето високообразовната, научноистражувачката и здравственоапликативната дејност склучена со ЈЗУ УСКЦ „Св. Пантелејмон“ Скопје

2.АНЕКС 1 кон спогодбата – преглед на просторот и работите кои ќе се користат истовремено за вршење на високообразовната, научноистражувачката и здравствената дејност и

3.Спогодбата за уредување на меѓусебните односи во вршењето високообразовната, научноистражувачката и здравственоапликативната дејност склучена со ЈЗУ Универзитетска клиника за максилофацијална хирургија- Скопје
4.АНЕКС 1 кон спогодбата – преглед на просторот и работите кои ќе се користат истовремено за вршење на високообразовната, научноистражувачката и здравственоапликативната дејност.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Бр. 02-182/4
27-5 2009 год.
СКОПЈЕ

Јавна здравствена установа
УНИВЕРЗИТЕТСКИ СТОМАТОЛОШКИ КЛИНИЧКИ ЦЕНТАР
СВЕТИ ПАНТЕЛЕЈМОН
Бр. 03-1432/1
29.05 2009 год.
Скопје

Република Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"-СКОПЈЕ
СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02-535
27.05 2009 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 179, став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“, бр. 35/08, 103/08 и бр. 26/09) , член 108, ставовите 4 и 5 и член 109-а од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“, бр.38/91, 46/93, 55/95, 10/04, 84/05, 111/05, 65/06, 5/07 и 77/08 ), а во врска со член 133, став 4 од Законот за високото образование, се склучува следнава

**С П О Г О Д Б А**
**за уредување на меѓусебните односи во вршењето на високообразовната, научноистражувачката и здравствената дејност и за уредување на работниот однос на наставниците и соработниците**

Помеѓу:

**Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Стоматолошкиот факултет** застапуван од ректорот проф. д-р Велимир Стојковски и претставуван од деканот проф. д-р Александар Грчев (во натамошниот текст: **Стоматолошки факултет**),

и

**Јавната здравствена установа Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон“**, застапувана од директорот д-р Аријан Даци (во натамошниот текст: **Универзитетска стоматолошка клиника**).

**Член 1**
Стоматолошкиот факултет е високообразовна установа во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје која врши високообразовна, научноистражувачка и здравствена дејност на начин на кој се обезбедува функционална целина на трите дејности.

**Член 2**
Универзитетската стоматолошка клиника е јавна здравствена установа која образовната и научноистражувачката дејност ја врши на начин на кој се обезбедува функционална целина на здравствената, образовната и научноистражувачката дејност и согласно со потребите на Стоматолошкиот факултет за спроведување на студиските програми.

**Член 3**
Со оваа Спогодба, Стоматолошкиот факултет и Универзитетската стоматолошка клиника ги уредуваат меѓусебните односи, условите и начинот во вршењето на образовната, научноистражувачката и здравствената дејност како функционална целина согласно со потребите за спроведување на студиските програми, како и за уредување на работниот однос на лицата избрани во наставно-научни, научни и соработнички звања кои се вработени во Универзитетската стоматолошка клиника.

**Член 4**

Согласно со член 3 од оваа Спогодба, Стоматолошкиот факултет и Универзитетската стоматолошка клиника ги утврдуваат следниве права, обврски и одговорности:

- Универзитетската стоматолошка клиника е согласна да обезбедува просторни и технички услови за реализација на теоретската и практичната настава согласно со потребите на Стоматолошкиот факултет за спроведување на студиските програми на трите циклуси на високото образование, да обезбедува услови за спроведување на програмите за образование на кадри според Законот за здравствена заштита (специјализации и супспецијализации), да обезбедува услови за реализација на научноистражувачката работа и развој на научната доктрина од заеднички интерес.

- Универзитетската стоматолошка клиника и Стоматолошкиот факултет се согласни лицата вработени на Универзитетската клиника, а избрани во наставно-научни, научни и соработнички звања на Стоматолошкиот факултет, работниот процес да го остваруваат во двете установи согласно со закон, колективен договор и со оваа Спогодба.

**Член 5**

Правата и обврските од работниот однос лицата избрани во наставно-научни, научни и соработнички звања на Стоматолошкиот факултет ги остваруваат на Стоматолошкиот факултет и во Универзитетската стоматолошка клиника.

**Член 6**

Високообразовната дејност согласно со студиските програми и планови и научно-истражувачката дејност се изведуваат истовремено на Стоматолошкиот факултет и во Универзитетската стоматолошка клиника.

**Член 7**

Универзитетската стоматолошка клиника е согласна за потребите на Стоматолошкиот факултет, високообразовната (теоретска и/или практична) и научноистражувачката дејност непречено да се остваруваат во просториите и со работите на Универзитетската стоматолошка клиника коишто истовремено се користат и за вршење на здравствената дејност.

Работите коишто не се користат истовремено за вршење и на здравствена дејност, туку само за потребите на високообразовната дејност, ги обезбедува Стоматолошкиот факултет и нив ги користи Стоматолошкиот факултет.

**Член 8**

Научноистражувачката дејност, вклучително и изработката на проектите, потписниците на оваа Спогодба ја остваруваат во согласност со прописите за високото образование, научноистражувачката и здравствената дејност.

**Член 9**

Лицата избрани во наставно-научни, научни и соработнички звања на Стоматолошкиот факултет (во натамошниот текст: лица избрани во звања), вршат и здравствена дејност во Универзитетската стоматолошка клиника во обем утврден согласно со закон, колективен договор и со договорот за вработување.

Лицата избрани во звања вршат здравствена дејност во Универзитетската стоматолошка клиника истовремено вршејќи високообразовна и научноистражувачка дејност како функционална целина, во обем утврден согласно со закон и со договорот за вработување.

**Член 10**

Лицата избрани во звања засноваат работен однос на Стоматолошкиот факултет и во Универзитетската стоматолошка клиника, така што со работата во двете установи остваруваат полно работно време утврдено со закон.

**Член 11**

Видот и обемот на работата на лицата избрани во звања, по предлог на соодветната катедра, ги утврдува Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет, врз основа на студиската програма и нормативите и стандардите за вршење високообразовна дејност.

За работата од став 1 на овој член се склучува договор за вработување помеѓу избраното лице во звање и Стоматолошкиот факултет.

**Член 12**

Видот и обемот на работата на лицата избрани во звања, кои вршат здравствена дејност во Универзитетската стоматолошка клиника, се утврдуваат со договорот за вработување склучен помеѓу избраното лице и Универзитетската стоматолошка клиника.

**Член 13**

Деканот на Стоматолошкиот факултет, најдоцна до почетокот на академската година која започнува на 15 септември, го известува директорот на Универзитетската стоматолошка клиника за времето за кое лицето е избрано во звање и за распоредот на работното време за тековната академска година.

Директорот на Универзитетската стоматолошка клиника, по предлог на деканот и во согласност со потребата на Универзитетската клиника за вршење на здравствената дејност, го утврдува распоредот на работното време на лицето избрано во звање од став 1 на овој член.

**Член 14**

Лицето избрано во звање кое врши високообразовна, научноистражувачка и здравствена дејност има право на плата и надоместоци сразмерно на работното време поминато на Стоматолошкиот факултет и во Универзитетската стоматолошка клиника, согласно со закон, колективен договор и договорот за вработување.

Пресметката и исплатата на платата и придонесите за лицето од став 1 на овој член ги вршат Универзитетската стоматолошка клиника и Стоматолошкиот факултет сразмерно на времето поминато на работа.

**Член 15**

На лицата избрани во звања и вработени на Стоматолошкиот факултет и во Универзитетската стоматолошка клиника кои во текот на учебната година наполниле 65 години старост, работниот однос им трае до крајот на учебната година истовремено на Стоматолошкиот факултет и на Универзитетската стоматолошка клиника.

**Член 16**

Потписниците на оваа Спогодба се согласни користењето на отсуства поради стручни и научни престои и усовршувања на лицата избрани во звања да се врши врз основа на одлука на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет согласно со Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и со Правилникот за внатрешните односи и работењето на Стоматолошкиот факултет по претходно одобрение од Универзитетската стоматолошка клиника.

**Член 17**

Лицето избрано во звање на кое му престанал работниот однос на Стоматолошкиот факултет продолжува да работи како здравствен работник со полно работно време во Универзитетската стоматолошка клиника, доколку за тоа не постојат законски пречки.

**Член 18**

За сторена повреда на работната обврска, како и за сторена штета, лицето избрано во звање е одговорно истовремено пред деканот на Стоматолошкиот факултет и пред директорот на Универзитетската стоматолошка клиника, согласно со закон и со колективен договор, во зависност од работата што ја вршел во моментот на настанувањето на повредата и/или штетата.

**Член 19**

Работните места на лицата избрани во звања се утврдуваат со општите акти на потписниците на оваа Спогодба.

**Член 20**

Лицата во работен однос во Универзитетската клиника, а избрани во звања на Стоматолошкиот, ќе засноваат работен однос и со Стоматолошкиот факултет, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа Спогодба.

**Член 21**

Потписниците се должни да го следат спроведувањето на оваа Спогодба непосредно и преку своите органи и служби.

Како постојан орган надлежен за спроведување на оваа Спогодба, потписниците формираат Координативен одбор.

**Член 22**

Координативниот одбор го сочинуваат: ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", односно лицето што тој ќе го овласти, деканот на Стоматолошкиот факултет, соодветен раководител на катедра, директорот и претседателот на Управниот одбор на Универзитетската стоматолошка клиника.

**Член 23**

Координативниот одбор:

- го следи спроведувањето на Спогодбата;
- дава толкување на одредбите на Спогодбата;
- ги усогласува целите, задачите, интересите и ставовите на потписниците на Спогодбата;

– одлучува по евентуално настанатите спорови помеѓу потписниците на Спогодбата, вклучувајќи ги и споровите во врска со правата, обврските и одговорностите на лицата избрани во звања кои истовремено треба да ги остварат во двете установи.

**Член 24**

Прилог на оваа Спогодба се Анеќсот 1, односно Прегледот на просторот и работите кои ќе се користат истовремено за вршење на високообразовната, научноистражувачката и здравствената дејност, и Анекс 2, односно Прегледот на лицата избрани во звања кои истовремено вршат високообразовна, научноистражувачка и здравствена дејност.

**Член 25**

Спогодбата влегува во сила со денот на нејзиното потпишување.

**Член 26**

Оваа Спогодба е сочинета во три еднакви примероци.

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

**Ректор**

**Проф. д-р Велимир Стојковски**

**Јавна здравствена установа Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон"**

**Директор**

**Д-р Аријан Даци**

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Стоматолошки факултет**

**Декан**

**Проф. д-р Александар Грчев**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Бр. 02-182/5
07-7 2009 год.
СКОПЈЕ

Јавна здравствена установа
УНИВЕРЗИТЕТСКИ СТОМАТОЛОШКИ КЛИНИЧКИ ЦЕНТАР
СВЕТИ ПАНТЕЛЕЈМОН
Бр. 03-2031/1
7.07 2009 год
Скопје

Република Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"-СКОПЈЕ
СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02-687
07.7. 2009 год.
СКОПЈЕ

Согласно со член 4, точка 1 и членовите 6, 7, 18 и 24 од Спогодбата за уредување на меѓусебните односи во вршењето на високообразовната, научноистражувачката и здравствената дејност и за уредување на работниот однос на наставниците и соработниците (во натамошниот текст: Спогодбата), договорните страни:

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Стоматолошки факултет,** застапуван од ректорот проф. д-р Велимир Стојковски и претставуван од деканот проф. д-р Александар Грчев ( во натамошниот текст: **Стоматолошки факултет**),

и

**Јавната здравствена установа Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон“,** застапувана од директорот д-р Аријан Даци (во натамошниот текст: **Универзитетска стоматолошка клиника**),

го склучуваат кон Спогодбата следниов

## АНЕКС 1

### Преглед на просторот и работите кои ќе се користат истовремено за вршење на високообразовната, научноистражувачката и здравствената дејност

**Член 1**

Согласно со член 4, точка 1 од Спогодбата, Универзитетската стоматолошка клиника е согласна да обезбедува просторни и технички услови за реализација на теоретската и практичната настава согласно со потребите единствено и само на Стоматолошкиот факултет за спроведување на неговите студиски програми на трите циклуси на високото образование, да обезбедува услови за спроведување на програмите за образование на кадри според Законот за здравствена заштита (специјализации и супспецијализации), како и да обезбедува услови за реализација на научноистражувачката работа и развој на научната доктрина од заеднички интерес.

**Член 2**

За реализација на таа цел, согласно со член 7, став 1 од Спогодбата, Универзитетската стоматолошка клиника е согласна за потребите на Стоматолошкиот факултет, високообразовната (теоретска и/или практична) и научноистражувачката дејност непречено да се остварува во просториите и со опремата на Универзитетската стоматолошка клиника коишто истовремено се користат за вршење на здравствената дејност.

Договорните страни се согласни за просториите и опремата каде што ќе се врши, односно со кои ќе се врши високообразовна и научноистражувачка дејност да се сите простории и сета опрема каде што ќе се врши, односно со кои

се врши здравствената дејност на Универзитетската стоматолошка клиника, сета опрема која Универзитетската стоматолошка клиника ја користи во вршењето на здравствената дејност, како и просториите кои во иднина би биле изградени, доградени, адаптирани и сл. за вршење на здравствена дејност.

Одредбата од претходниот став соодветно се однесува и за опремата.

**Член 3**

Просториите од член 2 на овој Анекс, кои истовремено се користат за вршење на здравствена, високообразовна и научноистражувачка работа, можат да бидат отуѓени, користени, пренаменети, адаптирани, издадени под закуп и сл. исклучиво со согласност на двете договорни страни.

Одредбата од претходниот став соодветно се однесува и за опремата.

**Член 4**

Просториите од член 2 на овој Анекс, во моментот на неговото потпишување од страна на договорните страни, по клиники на Универзитетската стоматолошка клиника се:

**На Клиниката за болести на уста:**

1. 1 сала со 10 стоматолошки работни места;
2. 1 сала со 3 стоматолошки работни места;
3. 1 клиничка лабораторија со опрема за биохемиски анализи.

**На Клиниката за орална хирургија:**

1. сала со 7 стоматолошки работни места;
2. 4 операциони сали;
3. 1 просторија за стерилизација.

**На Клиниката за дентална патологија и терапија:**

1. 2 клинички сали со по 10 стоматолошки работни места;
2. 1 клиничка сала со 3 стоматолошки работни места.

**На Клиниката за стоматолошка протетика:**

1. 2 клинички сали со по 10 стоматолошки работни места;
2. 2 заботехнички лаборатории со по 20 работни места.

**На Клиниката за детска стоматологија:**

1. 1 клиничка сала со по 10 работни стоматолошки места;
2. 1 клиничка сала со 3 работни стоматолошки места.

**На Клиниката за ортодонција:**

1. 1 клиничка сала со 10 работни стоматолошки места.

Простории кои се наоѓаат во зградата на Универзитетската стоматолошка клиника, наменети за вршење на високообразовната, научноистражувачката и здравствената дејност, се и:

- рендген-кабинет;
- фотолабораторија.

**Член 5**

За просториите и опремата кои се наоѓаат во зградата на Универзитетската стоматолошка клиника кои не се користат истовремено за вршење на здравствената, туку само за потребите на високообразовната дејност, работите и материјалите ги обезбедува Стоматолошкиот факултет во Скопје и нив ги користат исклучиво студентите на Стоматолошкиот факултет во Скопје. Трошоците за нивното тековно одржување, адаптирање, реновирање и сл. ги сносува Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Простории од став 1 од овој член се:
- 1 амфитеатар за 150 слушатели;
- 1 библиотека со 20 места;
- 4 претклинички сали, и тоа:

На Клиниката за орална хирургија:
- 1 претклиничка сала со 3 фантоми за стоматолошка едукација.

На Клиниката за дентална патологија:
- 1 претклиничка сала со 10 фантоми за стоматолошка едукација.

На Клиниката за стоматолошка протетика:
- 2 претклинички сали со по 10 фантоми за стоматолошка едукација;
- едукативен центар со 10 заботехнички работни места.

**Член 6**

За користење на просториите што се наоѓаат во зградата на Универзитетската стоматолошка клиника во кои не се врши здравствена дејност, а кои ги користат лицата избрани во звања на Стоматолошкиот факултет во Скопје, односно лицата избрани во наставно-научни, научни и соработнички звања одлучуваат директорот на Универзитетската стоматолошка клиника и деканот на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Простории од став 1 од овој член се:
- кабинети и канцеларии;
- асистентските канцеларии;
- канцелариите и др. простории на наставниот кадар на Факултетот.

**Член 7**

Овој Анекс бр. 1 е составен дел од Спогодбата и започнува да важи од моментот кога ќе биде потпишан од договорните страни од кои е потпишана Спогодбата.

| Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје | Јавна здравствена установа Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон“ |
|---|---|
| Ректор | Директор |
| Проф. д-р Велимир Стојковски | Д-р Аријан Даци |

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Стоматолошки факултет

Декан

Проф. д-р Александар Грчев

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Бр. 02-182/9
27-5 2009 год.
СКОПЈЕ

Ј.З.О Клиника за максилофацијална хирургија
Бр. 02-218
29-05-2009
СКОПЈЕ

Република Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И [illegible]-СКОПЈЕ
СТОМАТОЛОШ[illegible] [illegible]ТЕТ
Бр.02-534
27.05.2009 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 179, став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија", бр. 35/08, 103/08 и бр. 26/09) , член 108, ставовите 4 и 5 и член 109-а од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија", бр.38/91, 46/93, 55/95, 10/04, 84/05, 111/05, 65/06, 5/07 и 77/08 ), а во врска со член 133, став 4 од Законот за високото образование, се склучува следнава

## С П О Г О Д Б А
## за уредување на меѓусебните односи во вршењето на високообразовната, научноистражувачката и здравствената дејност и за уредување на работниот однос на наставниците и соработниците

Помеѓу:

**Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – Стоматолошкиот факултет** застапуван од ректорот проф. д-р Велимир Стојковски и претставуван од деканот проф. д-р Александар Грчев (во натамошниот текст: **Стоматолошки факултет**),

и

**Јавната здравствена установа Универзитетски клиника за максилофацијална хирургија**, застапувана од директорот д-р Горан Панчевски (во натамошниот текст: **Универзитетска клиника за максилофацијална хирургија**).

**Член 1**

Стоматолошкиот факултет е високообразовна установа во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје која врши високообразовна, научноистражувачка и здравствена дејност на начин на кој се обезбедува функционална целина на трите дејности.

**Член 2**

Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија е јавна здравствена установа која образовната и научноистражувачката дејност ја врши на начин на кој се обезбедува функционална целина на здравствената, образовната и научноистражувачката дејност и согласно со потребите на Стоматолошкиот факултет за спроведување на студиските програми.

**Член 3**

Со оваа Спогодба, Стоматолошкиот факултет и Универзитетска клиника за максилофацијална хирургија ги уредуваат меѓусебните односи, условите и начинот во вршењето на образовната, научноистражувачката и здравствената дејност како функционална целина согласно со потребите за спроведување на студиските програми, како и за уредување на работниот однос на лицата избрани во наставно-научни, научни и соработнички звања кои се вработени во Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија.

здравствена дејност во Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија во обем утврден согласно со закон, колективен договор и со договорот за вработување.

Лицата избрани во звања вршат здравствена дејност во Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија истовремено вршејќи високообразовна и научноистражувачка дејност како функционална целина, во обем утврден согласно со закон и со договорот за вработување.

**Член 10**

Лицата избрани во звања засноваат работен однос на Стоматолошкиот факултет и во Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија, така што со работата во двете установи остваруваат полно работно време утврдено со закон.

**Член 11**

Видот и обемот на работата на лицата избрани во звања, по предлог на соодветната катедра, ги утврдува Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет, врз основа на студиската програма и нормативите и стандардите за вршење високообразовна дејност.

За работата од став 1 на овој член се склучува договор за вработување помеѓу избраното лице во звање и Стоматолошкиот факултет.

**Член 12**

Видот и обемот на работата на лицата избрани во звања, кои вршат здравствена дејност во Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија, се утврдуваат со договорот за вработување склучен помеѓу избраното лице и Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија.

**Член 13**

Деканот на Стоматолошкиот факултет, најдоцна до почетокот на академската година која започнува на 15 септември, го известува директорот на Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија за времето за кое лицето е избрано во звање и за распоредот на работното време за тековната академска година.

Директорот на Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија, по предлог на деканот и во согласност со потребата на Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија за вршење на здравствената дејност, го утврдува распоредот на работното време на лицето избрано во звање од став 1 на овој член.

**Член 14**

Лицето избрано во звање кое врши високообразовна, научноистражувачка и здравствена дејност има право на плата и надоместоци сразмерно на работното време поминато на Стоматолошкиот факултет и во Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија, согласно со закон, колективен договор и договорот за вработување.

Пресметката и исплатата на платата и придонесите за лицето од став 1 на овој член ги вршат Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија и Стоматолошкиот факултет сразмерно на времето поминато на работа.

**Член 15**

На лицата избрани во звања и вработени на Стоматолошкиот факултет и во Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија кои во текот на учебната

година наполниле 65 години старост, работниот однос им трае до крајот на учебната година истовремено на Стоматолошкиот факултет и на Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија.

**Член 16**

Потписниците на оваа Спогодба се согласни користењето на отсуства поради стручни и научни престои и усовршувања на лицата избрани во звања да се врши врз основа на одлука на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет согласно со Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и со Правилникот за внатрешните односи и работењето на Стоматолошкиот факултет по претходно одобрение од Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија.

**Член 17**

Лицето избрано во звање на кое му престанал работниот однос на Стоматолошкиот факултет продолжува да работи како здравствен работник со полно работно време во Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија, доколку за тоа не постојат законски пречки.

**Член 18**

За сторена повреда на работната обврска, како и за сторена штета, лицето избрано во звање е одговорно истовремено пред деканот на Стоматолошкиот факултет и пред директорот на Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија, согласно со закон и со колективен договор, во зависност од работата што ја вршел во моментот на настанувањето на повредата и/или штетата.

**Член 19**

Работните места на лицата избрани во звања се утврдуваат со општите акти на потписниците на оваа Спогодба.

**Член 20**

Лицата во работен однос во Универзитетската клиника, а избрани во звања на Стоматолошкиот, ќе засноваат работен однос и со Стоматолошкиот факултет, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа Спогодба.

**Член 21**

Потписниците се должни да го следат спроведувањето на оваа Спогодба непосредно и преку своите органи и служби.

Како постојан орган надлежен за спроведување на оваа Спогодба, потписниците формираат Координативен одбор.

**Член 22**

Координативниот одбор го сочинуваат: ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", односно лицето што тој ќе го овласти, деканот на Стоматолошкиот факултет, соодветен раководител на катедра, директорот и претседателот на Управниот одбор на Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија.

**Член 23**

Координативниот одбор:

- го следи спроведувањето на Спогодбата;
- дава толкување на одредбите на Спогодбата;
- ги усогласува целите, задачите, интересите и ставовите на потписниците на Спогодбата;
- одлучува по евентуално настанатите спорови помеѓу потписниците на Спогодбата, вклучувајќи ги и споровите во врска со правата, обврските и одговорностите на лицата избрани во звања кои истовремено треба да ги остварат во двете установи.

**Член 24**

Прилог на оваа Спогодба се Анексот 1, односно Прегледот на просторот и работите кои ќе се користат истовремено за вршење на високообразовната, научноистражувачката и здравствената дејност, и Анекс 2, односно Прегледот на лицата избрани во звања кои истовремено вршат високообразовна, научноистражувачка и здравствена дејност.

**Член 25**

Спогодбата влегува во сила со денот на нејзиното потпишување.

**Член 26**

Оваа Спогодба е сочинета во три еднакви примероци.

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

**Ректор**

**Проф. д-р Велимир Стојковски**

**Јавна здравствена установа Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија**

**Директор**

**Д-р Горан Панчевски**

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Стоматолошки факултет**

**Декан**

**Проф. д-р Александар Грчев**

5

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Бр. 02-182/5
07-7 2009 год.
СКОПЈЕ

Ј.З.О. Клиника за максилофацијална хирургија
Бр. 02-298/1
08-07-2009
СКОПЈЕ

Република Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"-СКОПЈЕ
СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02-686
7.07 2009 год.
СКОПЈЕ

Согласно со член 4, точка 1 и членовите 6, 7, 18 и 24 од Спогодбата за уредување на меѓусебните односи во вршењето на високообразовната, научноистражувачката и здравствената дејност и за уредување на работниот однос на наставниците и соработниците (во натамошниот текст: Спогодбата), договорните страни:

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Стоматолошки факултет,** застапуван од ректорот проф. д-р Велимир Стојковски и претставуван од деканот проф. д-р Александар Грчев ( во натамошниот текст: **Стоматолошки факултет**),
и
**Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за максилофацијална хирургија,** застапувана од директорот д-р Горан Панчевски (во натамошниот текст: **Универзитетска клиника за максилофацијална хирургија**),

го склучуваат кон Спогодбата следниов

# АНЕКС 1
## Преглед на просторот и работите кои ќе се користат истовремено за вршење на високообразовната, научноистражувачката и здравствената дејност

### Член 1
Согласно со член 4, точка 1 од Спогодбата, Универзитетската стоматолошка клиника е согласна да обезбедува просторни и технички услови за реализација на теоретската и практичната настава согласно со потребите единствено и само на Стоматолошкиот факултет за спроведување на неговите студиски програми на трите циклуси на високото образование, да обезбедува услови за спроведување на програмите за образование на кадри според Законот за здравствена заштита (специјализации и супспецијализации), како и да обезбедува услови за реализација на научноистражувачката работа и развој на научната доктрина од заеднички интерес.

### Член 2
За реализација на таа цел, согласно со член 7, став 1 од Спогодбата, Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија е согласна, за потребите на Стоматолошкиот факултет, високообразовната (теоретска и/или практична) и научноистражувачката дејност непречено да се остварува во просториите и со опремата на Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија коишто истовремено се користат за вршење на здравствената дејност.

Договорните страни се согласни за просториите и опремата каде што ќе се врши, односно со кои ќе се врши високообразовна и научноистражувачка

дејност да се сите простории и сета опрема каде што се врши, односно со кои се врши здравствената дејност на Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија, сета опрема која Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија ја користи во вршењето на здравствената дејност, како и просториите кои во иднина би биле изградени, доградени, адаптирани и сл. за вршење на здравствена дејност.

Одредбата од претходниот став соодветно се однесува и за опремата.

**Член 3**

Просториите од член 2 на овој Анекс, кои истовремено се користат за вршење на здравствена, високообразовна и научноистражувачка работа, можат да бидат отуѓени, користени, пренаменети, адаптирани, издадени под закуп и сл. исклучиво со согласност на двете договорни страни.

Одредбата од претходниот став соодветно се однесува и за опремата.

**Член 4**

Просториите од член 2 на овој Анекс, во моментот на неговото потпишување од страна на договорните страни, се:

- една сала со 2 работни места;
- една операциона сала;
- едно одделение за преврски;
- една соба за реанимација;
- една рутинска операциона сала.

**Член 5**

За просториите и опремата кои се наоѓаат во зградата на Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија кои не се користат истовремено за вршење на здравствената, туку само за потребите на високообразовната дејност, работите и материјалите ги обезбедува Стоматолошкиот факултет во Скопје и нив ги користат исклучиво студентите на Стоматолошкиот факултет во Скопје. Трошоците за нивното тековно одржување, адаптирање, реновирање и сл. ги сносува Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Простории од став 1 на овој член се:

- 1 амфитеатар за 120 слушатели;
- 2 предавални за по 30 слушатели.

**Член 6**

За користење на просториите што се наоѓаат во зградата на Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија во кои не се врши здравствена дејност, а кои ги користат лицата избрани во звања на Стоматолошкиот факултет во Скопје, односно лицата избрани во наставно-научни, научни и соработнички звања одлучуваат директорот на

Универзитетската стоматолошка клиника и деканот на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Простории од став 1 од овој член се:

- кабинети и канцеларии;
- асистентските канцеларии;
- канцелариите и др. простории на наставниот кадар на Факултетот.

**Член 7**

Овој Анекс бр. 1 е составен дел од Спогодбата и започнува да важи од моментот кога ќе биде потпишан од договорните страни од кои е потпишана Спогодбата.

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

**Ректор**

**Проф. д-р Велимир Стојковски**

**Јавна здравствена установа Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија**

**Директор**

**Д-р Горан Панчевски**

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Стоматолошки факултет**

**Декан**

**Проф. д-р Александар Грчев**

# КОМПОНЕНТА 16- ПРЕДМЕТНИ ПРОГРАМИ СО ИНФОРМАЦИИ СОГЛАСНО СО ЧЛЕНОТ 4 ОД ОВОЈ ПРАВИЛНИК (ПРИЛОГ БР. 3)

| Прилог бр.3 | Предметна програма од прв циклус на студии | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | **Медицинска хемија** | | | |
| 2. | Код | ДДМ 1101 | | | |
| 3. | Студиска програма | Доктор по дентална медицина | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | УКИМ, Медицински факултет, Катедра по биохемија и клиничка биохемија | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | прв | | | |
| 6. | Академска година/семестар | 1/1 | 7. | Број на ЕКТС кредити | 2 |
| 8. | Наставник | Проф. Д-р Даница Лабудовиќ | | | |
| 9. | Предуслови за запишување на предметот | | | | |
| 10. | **Цели на предметната програма (компетенции)**<br>Студентот ќе се стекне со знаење за хемиската градба на биомолекулите, со хемиските и енергетските промени при нивните претворби. Стекнатото знаење ќе му послужи за разбирање на биохемиските процеси и механизмите за метаболна контрола и патобиохемиските настани во човековиот организам . | | | | |
| 11. | **Содржина на предметната програма**<br>**Теоретска настава**<br>Биоелементи, застапеност на елементите во организмот; јонска, ковалентна , координативна врска, меѓумолекуларни сили (водородни, ван дер Валсови, индуцирани дипол-дипол);<br>Вода, раствори (кванитативен состав, колигативни особини на раствори), рамнотежа во водени раствори; пуфери;<br>Термодинамика и закони на термодинамика; хемиска кинетика, брзина на хемиски реакции;<br>Редокс реакции (оксидација и редукција) ;<br>Хемија на јаглероден атом; алифатични јаглероди (алкани, циклоалкани), незаситени јаглеводороди ( алкени, алкини, ароматични јаглеводороди);<br>Органски соединенија што содржат кислород (алкохоли, феноли );<br>Карбонилни соединенија (алдехиди, кетони, карбоксилни киселини);<br>Хетероциклични соединенија (петточлени, шестточлени, со кондензирани прстени).<br><br>**Практична настава**<br>Основни физичко -хемиски постапки во хемиско-биохемиска лабораторија;<br>Подготовка на раствори, испитување на колигативните својства на растворите, физиолошки раствори;<br>pH и пуфери;<br>Својства и номенклатура на органски соединенија. | | | | |
| 12. | **Методи на учење**<br>Интерактивна теоретска настава, практична работа во мали групи и други облици на изведување настава. | | | | |
| 13. | Вкупен расположлив фонд на време | 60 часа | | | |
| 14. | Распределба на расположливото време | 30 часа предавања и вежби; 30 часа домашно учење | | | |
| 15. | Форми на наставните активности | 15.1. | Предавања - теоретска настава | 15 часа | |
| | | 15.2. | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | 15 часа вежби | |
| 16. | Други форми на активности | 16.1. | Проектни задачи | | |
| | | 16.2. | Самостојни задачи | | |
| | | 16.3. | Домашно учење | 30 часа | |
| 17. | Начин на оценување | | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 17.1. | Тестови | |
| | | Завршен испит | **Комплетен испит – тест 37-63 бода** |
| | 17.2. | Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна) | |
| | 17.3. | Активност и учество | **Присуство на теоретска настава :**<br><br>51% - 60% - 8 бод;<br>61% - 70% - 9 бода;<br>71% - 80% - 10бода;<br>81% - 90% - 11 бода;<br>91% - 100% - 12 бода<br><br>**Практична настава:**<br><br>**15-25 бода**<br>** Практична настава: присуство + покажано знаење ( 5 вежби : 2 бода за присуство + 3 бода знаење) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 18. | Критериуми за оценување (бодови / оценка) | до 60 бода | 5 (пет) F |
| | | од 61 до 67 бода | 6 (шест) E |
| | | од 68 до 75 бода | 7 (седум) D |
| | | од 76 до 84 бода | 8 (осум) C |
| | | од 85 до 93 бода | 9 (девет) B |
| | | од 94 до 100 бода | 10 (десет) A |
| 19. | Услов за потпис и полагање на завршен испит | За да добие потпис студентот е потребно да ги исполни обврските за време на теоретската и практичната настава. За да пристапи на завршен испит, треба да ги положи предвидените колоквиуми. | |
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски јазик | |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | Студентска анонимна евалуација за предметот и наставниците кои учествуваат во изведување на наставата. | |
| 22. | Литература | | |

22.1. Задолжителна литература

| Ред. Број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Денистон Е, Топинг Ј, Карет Р. | ОПШТА, ОРГАНСКА И БИОХЕМИЈА | Табернакул, Скопје | 2011 |
| 2. | Крстевска М., Алабаковска С, Ефремова Аарон С., Лабудовиќ Д., Цековска С | ОПШТА И ОРГАНСКА ХЕМИЈА за студенти по медицина | Медицински факултет, Скопје | 2014 |
| 3. | Лабудовиќ Д, Алабаковска С, Богданска Ј, Босилкова Г, Ефремова Аарон С., Корнети П, Крстевска М., Тошеска Трајковска К,. Цековска С. | ПРАКТИКУМ ЗА ВЕЖБИ ПО МЕДИЦИНСКА ХЕМИЈА И БИОХЕМИЈА за студентите по стоматологија | Медицински факултет, Скопје | 2012 |

22.2. Дополнителна литература

| Ред. Број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Бишоп.Мл, Фоди ЕП, Шоеф ЛЕ. | КЛИНИЧКА ХЕМИЈА, принципи, процедури, корелации | Просветно дело Скопје | 2009 |

| ог бр.3 | | |
|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | **Биохемија** |
| 2. | Код | ДДМ 1102 |
| 3. | Студиска програма | Доктор по дентална медицина |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | УКИМ, Медицински факултет, Катедра по биохемија и клиничка биохемија |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | прв |
| 6. | Академска година/семестар | 1/1 — 7. Број на ЕКТС кредити: 5 |
| 8. | Наставник | Проф. Д-р Даница Лабудовиќ |
| 9. | Предуслови за запишување на предметот | |
| 10. | **Цели на предметната програма (компетенции)**<br>Студентот ќе се стекне со знаења за структурата и улогата на биомолекулите, за метаболните процеси во организмот на здрав човек, механизмите на контрола на биохемиските процеси и ќе се запозне со основните биохемиски процеси во специфични ткива. Стекнатото знаење ќе му послужи за разбирање на патобиохемиските процеси кои лежат во основата на голем број на заболувања. | |
| 11. | **Содржина на предметната програма**<br>**Теоретска настава**<br>Структура и функција на протеини, набирање и свиткување на протеини, хемоглобин, миоглобин; соединенија изведени од аминокиселините;<br>Јаглехидрати, гликозаминогликани, протеогликани, гликопротеини; Липидите како резерва на енергија, сигнали, кофактори и пигменти;<br>Витамини, коензими, ензими, биокатализа, ензимска кинетика, Михаилис- Ментенова равенка, инхибиција на ензими, регулација на ензимска активност: алостерична и ковалентна модификација;<br>Општ преглед на метаболизмот, анаболизам, катаболизам;<br>Метаболизам на јаглехидрати, гликолиза, гликонеогенеза, пентозофосфатен циклус, гликогенеза, гликогенолиза;<br>Циклус на лимунска киселина –крстосница на метаболизмот, оксидативна декарбоксилација на пируват;<br>Метаболизам на масти, бета оксидација на масни киселини, кетогенеза, биосинтеза на масни киселини, холестерол, фосфолипиди, гликолипиди, катаболизам на холестерол;<br>Метаболизам на аминокиселини; протеини, разградба на протеините во ГИТ, метаболизам на азотот во амино-киселините , синтеза на уреа, разградба на јаглеводородниот ланец на аминокиселините;<br>Порфирини и жолчни пигменти;<br>Структура и функција на нуклеински киселини (РНК, ДНК), нуклеотиди, метаболизам на пурини и пиримидини;<br>Ендокрин систем, хормони- механизам на дејство;<br>Метаболизам на вода, електролити и ацидобазна рамнотежа;<br>Протеини на плазма, имуноглобулини.<br>**Семинари (10 часа)**<br>Биохемија на клетка и субклеточни органели, метаболни процеси во клетката;<br>Биохемија на телесни течности,<br>Биохемија на мускулно ткиво и цитоскелет<br>Биохемиски процеси во поедини системи и органи- црн дроб, бубрези<br>**Практична настава**<br>Квантитативно одредување на разновидни биохемиски параметри;<br>Методи за сепарација на плазмените протеини и липопротеини и шеќери;<br>Ензими и значење на ензимите во дијагноза разни заболувања;<br>Квалитативна и квантитативна анализа на биохемиски параметри во урина | |
| 12. | **Методи на учење**<br>Интерактивна теоретска настава, практична работа во мали групи и други облици на изведување настава. | |
| 13. | Вкупен расположлив фонд на време | 150 часа |
| 14. | Распределба на расположливото време | 70 часа предавања, вежби и семинари; 80 часа домашно учење |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 15. | Форми на наставните активности | 15.1. | Предавања - теоретска настава | 30 часа |
| | | 15.2. | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | 30 часа вежби<br>10 семинари |
| 16. | Други форми на активности | 16.1. | Проектни задачи | |
| | | 16.2. | Самостојни задачи | |
| | | 16.3. | Домашно учење | 80 часа |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 17. | Начин на оценување | | | |
| | 17.1. | Тестови | | **Колоквиум 1 биохемија 12 - 20** бода (материјал: аминокиселини, протеини, хемоглобин, миоглобин, јаглехидрати, гликозаминогликани, липидие, витамини, коензими, ензими, нуклеински киселини нуклеотиди, ендокрин систем, хормони ) |
| | | Завршен испит | | *Практично: 9-16 бода<br>**Усмено – 24-40 бода<br><br>*Изведување на една вежба од практичната настава предвидена за предметот биохемија (за 10 = 16 бода; за 9=15-14 бода; за 8 =13- 12бода; за 7= 11-10 бода; за 6= 9 бода;<br><br>**- **Усмено**: Устен дел (интегративен) – 4 прашања на кои се испрашува интегративното знаење од целокупниот материјал за теоретска настава плус материјалот обработен на семинарите за разбирање на целината на предметот (за 10 = 40- 38 бода, за 9 = 35–37 бода, за 8 = 31-34 бода, за 7 = 27 – 30 бода, за 6 = 24-26 бода) |
| | 17.2. | Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна) | | |
| | 17.3. | Активност и учество | | *Теоретска настава 1 – 5 бода<br>**Практична настава 14-19 бода<br>*Присуство на теоретска настава<br>51% - 60% - 1 бод;<br>61% - 70% - 2 бода;<br>71% - 80% - 3 бода;<br>81% - 90% - 4 бода;<br>91% - 100% - 5 бода<br>** Практична настава: присуство + покажано знаење. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 18. | Критериуми за оценување (бодови / оценка) | до 60 бода | 5 (пет) F |
| | | од 61 до 67 бода | 6 (шест) E |
| | | од 68 до 75 бода | 7 (седум) D |
| | | од 76 до 84 бода | 8 (осум) C |
| | | од 85 до 93 бода | 9 (девет) B |
| | | од 94 до 100 бода | 10 (десет) A |
| 19. | Услов за потпис и полагање на завршен испит | За да добие потпис студентот е потребно да ги исполни обврските за време на теоретската и практичната настава.<br>За да пристапи на завршен испит, треба да ги положи предвидените колоквиуми и положен испитот Медицинска хемија. | |
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски јазик | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | Студентска анонимна евалуација за предметот и наставниците кои учествуваат во изведување на наставата. | | | | |
| 22. | Литература | | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | | |
| | | Ред. Број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Нелсон ДЛ и Кокс ММ. | Ленинцер-Принципи на биохемијата | Микена , Битола | 2011 |
| | | 2. | Мареј Р, и сор. | Харперова илустрирана биохемија | Арс ламина, Скопје | 2013 |
| | | 3. | Денеке и сор. | Карсонова биохемија со патобиохемија | Микена , Битола | 2011 |
| | | 4. | Лабудовиќ Д, Алабаковска С, Богданска Ј, Босилкова Г, Ефремова Аарон С., Корнети П, Крстевска М., Тошеска Трајковска К,. Цековска С. | Практикум за вежби по медицинска хемија и биохемија за студентите по стоматологија | Медицински факултет, Скопје | 2012 |
| | | 5. | Џекова С и сор. | Биохемија | Медицински факултет, Скопје | 2010 |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Ред. Број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Прилог бр.3 | Предметна програма од прв циклус на студии | | | | |
| 1. | Наслов на наставниот предмет | **Анатомија 1** | | | |
| 2. | Код | ДДМ 1103 | | | |
| 3. | Студиска програма | Доктор по дентална медицина | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | УКИМ-Медицински факултет<br>Катедра за анатомија | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | прв | | | |
| 6. | Академска година/семестар | 1/1 | 7. | Број на ЕКТС кредити | 6 |
| 8. | Наставник | Проф. д-р Добрила Тосовска-Лазарова | | | |
| 9. | Предуслови за запишување на предметот | | | | |
| 10. | **Цели на предметната програма (компетенции)**<br>Од теоретската настава студентот се стекнува со пошироки познавања од областа на системите кои се изучуваат. Од практичната настава се оспособува самостојно да препознава одредени системи и нивна морфологија. Од семинарската активност се оспособува сам да презентира одредени анатомски структури. | | | | |
| 11. | **Содржина на предметната програма**<br>**Теоретска настава**<br>Локомоторен систем (остеологија, синдезмологија, миологија, ангиологија и неврологија), Респираторен систем, Кардиоваскуларен систем,Дигестивен систем, Урогенитален систем<br><br>**Практична настава**<br>Скелет на рака, Синдезмологија на рака, Скелет на нога, Синдезмологија на нога, Коски и зглобови на трупот, Fossa axillaris, Regiones brachii,antebrachii et manus, Regio inquinalis, Regio femoris anterior, Задни регии на нога, Граден кош со зидови и плевро-пулмонални регии, Медијастинум со срце, аорта и езофагус, Cavum peritoneale, Spatium retroperitoneale, Organa genitalia externa | | | | |
| 12. | **Методи на учење**<br>Интерактивна теоретска настава, практична работа во мали групи и други облици на изведување настава. | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 13. | Вкупен расположлив фонд на време | 180 часа | | |
| 14. | Распределба на расположливото време | 95 часа предавања, вежби и семинари; 85 часа домашно учење | | |
| 15. | Форми на наставните активности | 15.1. | Предавања - теоретска настава | 30 часа |
| | | 15.2. | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | 45 часа вежби<br>10 семинари |
| 16. | Други форми на активности | 16.1. | Проектни задачи | |
| | | 16.2. | Самостојни задачи | |
| | | 16.3. | Домашно учење | 85 часа |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 17. | Начин на оценување | | |
| | 17.1. | Тестови | Континуирани проверки (2) 42-70 бодови |
| | | Завршен испит | Завршен испит (усмен) од обласа на практичната анатомија 12-20 бодови |
| | 17.2. | Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна) | |
| | 17.3. | Активност и учество | Редовност и активност на теоретска и практична настава 6-10 бодови |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 18. | Критериуми за оценување (бодови / оценка) | до 60 бода | 5 (пет) F |
| | | од 61 до 67 бода | 6 (шест) E |
| | | од 68 до 75 бода | 7 (седум) D |
| | | од 76 до 84 бода | 8 (осум) C |
| | | од 85 до 93 бода | 9 (девет) B |
| | | од 94 до 100 бода | 10 (десет) A |
| 19. | Услов за потпис и полагање на завршен испит | Редовност на предавања и вежби | |
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски јазик | |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | Студентска анонимна евалуација за предметот и наставниците кои учествуваат во изведување на наставата. | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 22. | Литература | | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | | |
| | | Ред. Број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Д.Тосовска-Лазарова, Н.Јаневска-Наќева, М.Папазова, Н.Матвеева, Ј.Живадиновиќ | Анатомија на човекот-прв дел | УКИМ-Медицински факултет, Скопје | 2010 |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Ред. Број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Frank H. Netter | Анатомски атлас на човекот, превод на македонски јазик | Дата статус Београд | 2006 |

| | | |
|---|---|---|
| Прилог бр.3 | Предметна програма од прв циклус на студии | |
| 1. | Наслов на наставниот предмет | **Биологија** |
| 2. | Код | ДДМ 1104 |
| 3. | Студиска програма | Доктор по дентална медицина |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | Институт за биологија, Природно-математички факултет УКИМ- Скопје | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | прв | | | |
| 6. | Академска година/семестар | 1/1 | 7. | Број на ЕКТС кредити | 6 |
| 8. | Наставник | Д-р Ицко К. Ѓоргоски, редовен професор | | | |
| 9. | Предуслови за запишување на предметот | | | | |
| 10. | **Цели на предметната програма (компетенции)**<br>Преку теориската и практичната настава студентите треба да се здобијат со основните познавања за потеклото на животот и човекот, потоа со градбата на клетките и функцијата ба нивните состави делови, како и контролните механизми во клетките. | | | | |
| 11. | **Содржина на предметната програма**<br>**Теоретска настава**<br>Потекло на животот и антропогенеза; Основни карактеристики на клетката и клеточна диференцијација; Контрола бројот на клетките; Хемиски состав на клетките и добивање на енергија; Клеточна мембрана и мембрански транспорт; Градба и функција на ДНК;<br>ДНК репликација и синтеза на протеини; Хромозоми, генска регулација и генски варијации;<br>Рекомбинантна ДНК технологија; Клеточна делба; Клеточен контролен систем и програмирана смрт на клетките.<br>**Практична настава**<br>Кодекс за однесување во лабораторија за биолошки истражувања; Микроскопија;<br>Микроскопирање на прокариоти и еукариоти; Методи користени во биолошките истражувања со примена во стоматолошката практика;<br>Методи на рекомбинантна ДНК технологија; Методи за изолација на ДНК;<br>Откривање на полиморфни места и секвенци на ДНК. | | | | |
| 12. | **Методи на учење**<br>Интерактивна теоретска настава, практична работа во мали групи и други облици на изведување настава. | | | | |
| 13. | Вкупен расположлив фонд на време | 180 часа | | | |
| 14. | Распределба на расположливото време | 85 часа предавања, вежби и семинари; 95 часа домашно учење | | | |
| 15. | Форми на наставните активности | 15.1. | Предавања - теоретска настава | 30 часа | |
| | | 15.2. | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | 45 часа вежби<br>10 семинари | |
| 16. | Други форми на активности | 16.1. | Проектни задачи | | |
| | | 16.2. | Самостојни задачи | | |
| | | 16.3. | Домашно учење | 95 часа | |
| 17. | Начин на оценување | | | | |
| | 17.1. | Тестови | 2 колоквиума 35-65 бода | | |
| | | Завршен испит | | | |
| | 17.2. | Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна) | 5-20 бода | | |
| | 17.3. | Активност и учество | 5-15 бодови | | |
| 18. | Критериуми за оценување (бодови / оценка) | до 60 бода | 5 (пет) F | | |
| | | од 61 до 67 бода | 6 (шест) E | | |
| | | од 68 до 75 бода | 7 (седум) D | | |
| | | од 76 до 84 бода | 8 (осум) C | | |
| | | од 85 до 93 бода | 9 (девет) B | | |
| | | од 94 до 100 бода | 10 (десет) A | | |
| 19. | Услов за потпис и полагање на завршен испит | За да добие потпис студентот е потребно да ги исполни обврските за време на теоретската и практичната настава. За да пристапи на завршен испит, треба да ги положи предвидените колоквиуми. | | | |
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски јазик | | | |

| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | Студентска анонимна евалуација за предметот и наставниците кои учествуваат во изведување на наставата. |
|---|---|---|
| 22. | Литература | |

| | Задолжителна литература | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 22.1. | Ред. Број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | 1. | Ицко К. Ѓоргоски | Основи на биологија за стоматолози, авторизирана скрипта | | 2010 |
| 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | Ред. Број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | 1. | Alberts, B., Bray, D., Johnson, A., Lewis, J., Raff, M., Roberts, K., Walter, P. | Essential Cell Biology, An Introduction to the Molecular Biology of the Cell | Garland Publishing, Inc. New York&London. | 2005 |

| Прилог бр.3 | Предметна програма од прв циклус на студии | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | **Биофизика** | | | |
| 2. | Код | ДДМ 1105 | | | |
| 3. | Студиска програма | Доктор по дентална медиицина | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | УКИМ-Природно-математички факултет, Скопје Катедра по биофизика | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | прв | | | |
| 6. | Академска година/семестар | 1/1 | 7. | Број на ЕКТС кредити | 3 |
| 8. | Наставник | Проф. Д-р Атанас Танушевски | | | |
